British Embassy Skopje

FINANCE THINK OUT OF THE BOX

# ПОВИК ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ИНТЕРЕС

за учество во проектот ФИСКАСТ+: Фискалната транспарентност и одговорност ги подобрува политиките во областите квалитет на живот, образование и здравство

1. Општи информации

Институтот за економски истражувања и политики Finance Think, Скопје, со поддршка од Британска Амбасада, Скопје, го спроведува проектот ФИСКАСТ+: Фискалната транспарентност и одговорност ги подобрува политиките во областите квалитет на живот, образование и здравство чија цел е да се истражи ефикасноста и квалитетот на избрани политики во областите на квалитет на животот, образование и здравство, преку јавна дебата и решенија за политиките кои произлегуваат од податоци и докази.

За успешно остварување на целта на проектот, ќе се формира мрежа од локални и национални граѓански организации кои работат во трите области од интерес на истражувањето: квалитет на живот, образование и здравство. Активности во кои пријавените граѓански организации би учествувале во текот на спроведување на проектот се:

- Учество на обуки за зголемување на капацитетот на организацијата за економски анализи;
- Учество во идентификување на клучните политики во трите наведени области;
- Учество во анализа на постоечките политики во трите наведени области;
- Учество на дебати, состаноци и други настани во рамки на проектот; и сл.

Дел од организациите кои ќе учествуваат во мрежата ФИСКАСТ, ќе добијат грантови за изработка на студии поврзани со клучните теми од интерес на овој проект: квалитет на живот, образование и здравство.

2. Начин на пријавување

Право на пријава имаат сите граѓански организации кои работат на територијата на Република Македонија. Сите заинтресирани организации треба да поднесат пополнет образец на електронската адреса despina.tumanoska@financethink.mk, најдоцна до 19 септември 2016 година. Образецот за пријавување може да го најдете тука.